# Четврт состанок на СОВЕТОДАВЕН ОДБОР на Национална платформа за женско претприемништво

*Проф. д-р Тамара Јванов Апасиева*

*Место*: МКЦ

*Датум:* 02.12.2022

# Активностите и достигнувањата на НПЖП во изминатата година

1. Зголемена свесност за женското претприемништво и потребата од вклучување на жените во економските текови
2. Најголема база на добри примери и успешни приказни за охрабрување на потенцијалните жени претприемачи
3. Нови информации за тековната состојба од различни аспекти – потреби на жените, постоен недостиг од ресурси, постојни проблеми/пречки
4. Предлози за надминување на воочените пречки и предлог политики за унапредување на екосистемот на ЖП.
5. Инволвирање на носителите на одлуки во активностите на платформата и зголемување на шансите да бидат слушнати потребите и заложбите и потецијално имплементирани во рамки на легислативата со тек на време.
6. Унапредување на имиџот на ЖП преку комуникација со јавноста и креирање на слика за ЖП како достижна цел, како посакуван извор на приходи, како основа за самостојност, како извор на слобода за жените.
7. Развиена инфраструктура за ЖП – регионални координатори и хабови, соработка со општини.

## Предлози за теми за Тематска и Секторска група за 2023 година

1. Пристап до деловни мрежи и обуки за (меки и тврди) вештини за водење бизнис
2. Дигитални алатки и помошни услуги за поддршка и унапредување на бизнисот на жените
3. Социјални (и дигитални) иновации - социјално претприемништво, циркуларна економија, зелени бизниси

# Предлози за активности на Советодавниот одбор за наредната година во насока на унапредување на женското претприемништво

- Улогата на владата во зајакнувањето на продуктивните капацитети на жените? Како да ја подобриме севкупната регулаторна средина за инклузивен и одржлив индустриски развој кој оддржува родова еднаквост?
- Имајќи ја предвид активната улога на жените претприемачи во управувањето со еколошки одржливи бизниси, како да го унапредиме пристапот до зелени бизниси и да го поставиме како норма на ниво на цела економија? Како да обезбедиме средства, ресурси и стимулации за понатамошна поддршка на зелени бизниси водени од жени?
- Како можеме да ја подобриме конкурентноста на жените претприемачи? Како подобро да ги промовираме и зголемиме пристапот на жените до услуги за развој на бизнисот, технологии и финансии?
- Како го градиме образованието во насока на систем кој ќе ги негува иновациите и претприемничките ставови кај жените и девојките?
- Како да ги надминеме општествените бариери (дискриминатроски норми и верувања) и внатрешните онеспособувачки фактори (ниска самодоверба, неподготвеност да се преземе ризик, недостаток на образование, страв од промени...) на влијание за влез на жените во бизнис?

# Предлози за транзиција на Платформата од кофинансирање на ЕУ во самоодржливост

## Продажба на услуги:

1. Едношалтерски систем за женско претприемништво кој на едно место ќе обезбеди информации, едукација, инспирација и мотивација за делување на жените, преку обезбедување на менторство на жени претприемачи, обуки за за основање, водење и развој на бизнис, обуки за проектни апликации и апликации за грантови.

Модел – плаќање на членство за премиум пристап во комбинација со бесплатен пристап за дел од услугите).

2. Академија за жени претприемачи - современи програми за образование за (социјално, одржливо) претприемништво во соработка со образовните институции со модули за:

- креативно решавање проблеми,
- дизајн,
- наоѓање на пазарни можности,
- финансиска писменост,
- медиумска и дигитална писменост и вештини,
- лидерство,
- менаџмент,
- маркетинг,
- продажба,
- човечки ресурси,
- сметководство,
- технички вештини за производство во разни индустрии – храна, облека, уметност, занаети, накит, мебел, кожа, локален туризам, технологија...

Модел – плаќање на учеството во академијата еднократно

# Предлози за транзиција на Платформата од кофинансирање на ЕУ во самоодржливост

**Продажба на услуги:**

3. Центар за раст на женски бизниси (за постојни бизниси)

Модел – плаќање по извршена услуга: консалтинг, обука, проектна апликација, правни совети и сл. (во соработка со експерти од разни области)

4. Развој на мобилни апликации/алатки за помош при водење бизнис (пресметки на трошоци, планирање, менаџирање на време, совети за маркетинг на производи/услуги, разговор во мрежа на други претприемачи...)

Модел – заработка од промоција на други организации/компании во рамки на апликацијата + плаќање на премиум членство.

# Предлози за транзиција на Платформата од кофинансирање на ЕУ во самоодржливост

**Продажба на производи:**

1. Аксесоари, во соработка со домашни дизајнери со брендот на платформата (чаши, торби, мајци, ранци, тефтери, канцелариски прибор...)

Модел – плаќање еднократно при купување на производите онлајн (со испорака до дома).

# Фотографии од настанот



